МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Август 2011
БРОЈ 120

МЦМС со нов Одбор на директори

Управниот одбор на 21 јули 2011 г. го избра новиот Одбор на директори на МЦМС и тоа Александар Кржаловски е избран за прв извршен директор, а Димче Митрески за извршен директор на МЦМС, со мандат до 2016 г.

Постапката за избор започна со објавувањето на јавниот оглас. За изборот беше основан Номинациски комитет во состав: Ризван Сулејмани, претседавач; Билјана Герасимовска - Китановска, Славко Велевски и Михаил Цеков, членови.

МЦМС побара кандидати кои ќе имаат познавање за неговата мисија и концептите на граѓанско општество; способни за водство и мотивирање на другите; со знаења за генерален менаџмент, организациски развој, стратешко планирање, оценување, финансиско планирање и раководење, раководење со човечки ресурси; со висок интегритет; со почит за другите, партиципативност и поддршка на мултикултурноста.

Од кандидатите беше побарано освен биографијата да достават есеј за прашање од јавната политика од значење за МЦМС, кратка изјава за нивното видување на МЦМС и изјава за целите во кариерата. На конкурсот се пријавија 10 кандидати. Номинациските комитет селектираше четворица кандидати кои беа повикани на јавно сослушување на кое освен членовите на Комитетот беа вклучени и претставници на партнерите и поддржувачите на МЦМС и тројца претставници на Извршната канцеларија.

На јавното сослушување дојдоа тројца од кандидатите. По завршувањето на сослушувањето, Номинациските комитет му предложи, а Управниот одбор на МЦМС ги избра Александар Кржаловски и Димче Митрески за членови на новиот Одбор на директори. Одборот на директори е извршен орган на МЦМС, одговорен за секојдневното управување со работниот процес на МЦМС.

На Сашо Клековски, досегашниот (прв) извршен директор, во јуни 2011 г. му заврши мандатот. Тој ќе продолжи да го советува МЦМС за стратегискиот развој.



Кои се новите директори на МЦМС

Александар Кржаловски




Прв извршен директор на МЦМС е вработен во МЦМС од 1995 година. Неговиот почетен ангажман во МЦМС е на позицијата хардвер/софтвер програмер во одделението за граѓанско општество кое, како што самиот вели, ги поврзало неговите главни интереси во тој период, новите технологии и поддршката на другите луѓе. По косовската бегалска криза во 1999 година го презема раководењето со канцеларијата на МЦМС на Косово. Подоцна, од 2001 година е раководител на одделението за меѓународни и крос-секторски програми. Од 2008 г. ја вршеше функцијата извршен директор на МЦМС. Има големо искуство во координација и раководење со различни проекти и програми меѓу кои и големите хуманитарни операции од периодот 1999-2001 г. и активности кои вклучуваа чувствителни целни групи. Член е и на Националниот совет за европски интеграции при Собранието на Република Македонија. Автор е на повеќе публикации.

Наједноставно опишан, според Кржаловски, МЦМС е „посредник меѓу локалните потреби и меѓународните можности". Според него, тие две функции, утврдувањето на локалните потреби преку контактите и консултациите со сите домашни релевантни актери и истражувања за важните општествени прашања, поврзано со воспоставувањето меѓународни врски и пристап до ресурси за поддршка и решавање на така утврдените проблеми, се битни одлики на организацијата и една од тајните на досегашниот успех на МЦМС.

Најголемиот предизвик во следниот период, според Кржаловски, ќе биде обезбедувањето на континуитет и надградба на досегашната работа и успеси. „МЦМС го доживува своето полнолетство и покажа дека може да опстојува како независен и релевантен субјект. Промените во контекстот", вели тој „ќе бараат промена на менталитетот, поширок поглед на можностите, флексибилност и побрзи реакции за прилагодување. Убеден сум дека стекната позиција на МЦМС, довербата од граѓаните, партнерските и други граѓански организации, државните институции, меѓународните организации, се одлична основа за соочување со новите предизвици".

Димче Митрески



Работи во МЦМС од почетокот на 1994 година. Првото искуство му се проектите за социо-хуманитарна помош на селата. Своето искуство и знаење го стекнува на почетокот како проект асистент во одделението за развој на село, потоа како координатор на неколку големи програми за време на косовската бегалска криза во 1999 година.

Од 2004 година е раководител на Одделението за развој. Митрески е одговорен е за стотина изградени водоводи, но и за реновирањето на неколку училишта низ руралните општини во Македонија, како и за градење на капацитетите на десетици општини. На овој начин тој изгради силни врски со општините и со националните организации на општините . Во досегашниот период има испорачано многу обуки и консултации за различни целни групи, пред сè од областа на раководењето со проектен циклус и стратешкото планирање.

За новиот извршен директор МЦМС е „уникатна платформа за дијалог и соработка на различни интересни групи во Македонија (и пошироко) кои во МЦМС наоѓаат свој простор". Според него, МЦМС во последните неколку години ги поставил основите за својата понатамошна работа со донесувањето на стратешките документи. За него, како член на новиот Одбор на директори, главните предизвици ќе бидат внатрешната организација на МЦМС и подготвувањето на стратегијата за следниот среднорочен период.

Целите на Митрески се обезбедување понатамошна одржливост на МЦМС и ефикасно раководење со деловниот процес. Ова не ги исклучува предизвиците поврзани со континуираниот развој на посветен и мотивиран персонал, јакнење на културата на поддршка и тимска работа и создавање поовозможувачка и поедноставна администрација. „Вслушност", вели тој, „моја главна цел е да продолжам со сето она што претходното врвно раководство успешно го направи за МЦСМ, односно за одржливиот развој и демократското општество во Македонија".

Заедничката работа носи напредок



Оваа година МЦМС одбележува 18 години. Тоа е и мој јубилеј, 18 години во раководството на МЦМС, од кои првите 15 години самостојно, а последните три години заеднички со Александар Кржаловски.

Јубилејот од 18 години е поволен момент за следниот чекор во развојот на МЦМС. МЦМС е етаблирана и созреана организација, подготвена за пренесување на раководството од основачите и првото раководство на следната генерација. Промената на раководството е неопходна работа за јакнењето на секоја организација, а посебно за организација како МЦМС - предводник во граѓанското општество која треба да биде пример, и за демократска промена на раководството. Татко ми ми велеше „во некои работи, некогаш, треба да престанеш кога ти е најубаво, за да не претераш". Тоа за мене значи дека е потребно да излезам од МЦМС, сега кога и на МЦМС и мене лично ни е најубаво.

И јубилејот и промената во раководството на МЦМС е момент за рефлексија. Основното чувство за мене е гордост и чест. Горд сум на инспиративната и импресивна приказна за МЦМС, на постигнатиот успех кој не е пример само за Македонија, туку и пошироко. Горд на МЦМС кој се одликува со дијалог и соработка, вклучување и кохезија, лидерство со визија, посветеност, транспарентност, учење... МЦМС покажа дека заедничката работа носи напредок. Чест ми е соработката со моите соработници со исклучителни професионални квалитети, но пред се и со исклучителни човечки квалитети како посветеност, искрен идеализам, добра волја, трудољубивост... Чест ми беше да соработувам со поддржувачите од раните години како Герт Јан ван Апелдорн, Жак Вилемсе, Карел Рихтер, Јорген Томсен и други, како и со членовите на управните одбори на МЦМС, кои на младиот МЦМС и на мене како млад директор ми ја донесоа потребната мудрост во одлучувањето. Чест ми е соработката со граѓаните, граѓанските организации, општините, медиумите, институциите, црквите, активистите, добавувачите, подржувачите, консултантите и другите без кои не ќе беа возможни постигнувањата. И, голема благодарност на мојата сопруга Ана и моето семејство за поддршката, за љубовта и среќата во домот, без кој успехот ќе беше невозможен.

Ќе се обидам да издвојам неколку моменти кои мислам дека беа најзначајни за МЦМС и за мене. Основањето на МЦМС, 1993 г. и првите години по тоа, група организации во Конзорциумот за Македонија ја обезбедија неопходната поддршка МЦМС да стане тоа што е денес. Почетните чекори во локалниот и руралниот развој, граѓанското општество и меѓуетничките односи во 1994-1997 г. Потоа во 1998 г. основањето на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) и добивањето на Наградата за демократија и граѓанско општество на САД и ЕУ. Следеа немирни години од 1999 до 2001 г. кои ги означија итната хуманитарна работа, првата мисија на МЦМС надвор од Македонија (во Косово) и но, и првата голема кампања „Цело е кога има се". Во тешката 2001 г., покрај посветеноста на разрешување на конфликтот, МЦМС направи клучни чекори во развојот на граѓанското општество со издавањето на Граѓански свет, организирањето на првиот НВО саем и воспоставувањето на наградите за одржлив развој - „Херт Јан ван Апелдорн" и за граѓанско општество и демократија. Годините на консолидација следеа од 2002 до 2007 г., во нив и новите почетоци со Граѓанската платформа на Македонија, Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) и Сојузот Македонија без дискриминација. Внатрешните промени за МЦМС за следните 10 г се завршија 2008 г. . вклучувајќи и воведувањето на Одбор на директори со два директори. Последните години ги означи и зајакнатото влијание на јавни политики, како и вклучувањето во меѓусекторските институции.

Ако треба да изберам неколку најзначајни моменти, за мене тоа би биле: основањето на МЦМС и исклучителната можност да учам од врвни луѓе; основањето на МРФП како исклучителен успех кој зависеше од мојата подготвеност да си признаам дека мојот претходен пристап е грешка и со наученото да се направи успех; Наградата од САД и ЕУ која ми покажа колку се важни и позитивните примери и нивното наградување; кризата и Косово во 1999 г., што ме соочи со моите предрасуди; и трансформација на моето лидерство во 2003 г. што завршува со моето повлекување.

За да се оцени успехот потребна е одредена дистанца. Доколку се фокусирам на секојдневието, секако дека некои работи можеле да бидат подобри, но ако погледнам долгорочно и споредам како беше пред 15 – 20 г., а како е сега, мислам дека можам да бидам задоволен од постигнатото. Во таа оценка се водам и од тоа дека е добро да се стремиме кон перфектното, но треба да го препознаеме и да се радуваме на доброто (постигнување).

Граѓанското општество постоеше претходно, постои сега и ќе се развива во иднина. Можеби е во криза досегашниот модел на развој заснован на странски донатори, но тоа не значи дека е доведена во прашање иднината на граѓанското општество - тоа има доволно сила да се прилагоди. Тоа што може да го направат сегашните лидери на граѓанското општество е да го обезбедат доаѓањето на следната генерација на лидери. Време е за промени, за нови луѓе и за нови визии.

Истото важи и за МЦМС. МЦМС мора да вклучува нови генерации со нови идеи за да ја обезбеди генерациската мешавина за новото време. Од друга страна МЦМС како граѓанска организација го постигна врвот. За нов развој и експанзија неопходни се нови потфати. Досега, сите нови потфати на МЦМС како МРФП или БЦСДН беа во граѓанскиот сектор. Мислам дека во новата стратегија на МЦМС за по 2012 г. треба да бидат вклучени нови потфати како на пример во образованието.

Јас не заминувам од МЦМС. Заминувам од раководството на МЦМС. Во следниот период колку што новото раководство ќе оцени дека е неопходно ќе бидам нивен советник посебно, во развојот на новата стратегија, а за потоа зависи од развојот и меѓусебните договори.

Во мојата кариера направив една голема промена, кога по моето образование за доктор по медицина и кратката проба со политичката партија (МААК), се посветив на МЦМС и граѓанското општество. Мојата работна филозофија вклучува нови почетоци, со вреднување на претходните. И покрај тоа што не работам како доктор, научив многу од студиите по медицина, како анализа на случаи или пак времето како фактор во одлучувањето. Сега не планирам така радикална промена како на 27 години. Мојата лична кариера ја планирам со нов почеток, нов потфат, тука во Македонија, кој ќе биде надградба на досегашните искуства и успех. Секако мој прв избор е нов почеток во кој ќе можам да соработувам со МЦМС.

На крај да го искажам моето големо задоволство што Александар Кржаловски и Димче Митрески се избрани за ново раководство на МЦМС. Тоа се професионалци со исклучителна посветеност и со големи заслуги за МЦМС. Им посакувам континуитет, но континуитет на промени што е дел од успехот на МЦМС.

Сашо Клековски